АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ **ЕУРОЛИНК - СКОПЈЕ**

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И  У С Л О В И

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ДЕМОНТЕРИ НА МИНИ, ГРАНАТИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

**Член 1 - ОПШТИ ОДРЕДБИ**

(1) Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за осигурување демонтери на мини, гранати и други експлозивни средства од последици на несреќен случај (незгода) - (во понатамошен текст: Дополнителни услови) се составен дел на договорот за осигурување демонтери на мини, гранати и други експлозивни средства од последици на несреќен случај (незгода), што договорувачот на осигурувањето го склучува со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје (во понатамошен текст: Осигурувач).

(2) Договорувач на осигурувањето во смисла на овие Дополнителни услови може да биде правно и физичко лице.

(3) Лицата што се осигуруваат според овие Дополнителни услови се осигурени без оглед на нивната здравствената состојба, општата работна способност и годините на живот, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (3) од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност кои во секој случај се исклучени од осигурувањето.

**Член 2 - ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ**

Осигурувачот е во обврска ако несреќниот случај настане само за време на обавувањето на дејноста за која е склучено осигурувањето.

**Член 3 - ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**

Осигурувањето за секој осигуреник започнува од моментот на почетокот на вршењето на подготвителните работи за демонтирање, а престанува кога предметот за демонтирање е ставен во таква состојба во која веќе не е опасен.

**Член 4 - ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај, а во колку се во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

Овие Дополнителни услови ги донесе Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје на својата 3-та редовна седница одржана на 25.02.2003 година со одлука бр. 0202-72/50 со примена од 25.02.2003 година